Republic of North Macedonia
Ministry of
Local Self Government

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

# Покана за трета форумска сесија во Општина Зелениково

Општина Зелениково ги поканува сите заинтересирани граѓани на третата форумска сесија во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети-фаза 2“, која ќе се одржи на 29.01. 2025 година (среда), со почеток во 18:00 часот, во ООУ „Марко Цепенков“.

На оваа сесија ќе бидат презентирани предлог-проектите: (1) **Поефикасно управување со комуналниот отпад (Набавка на ново возило со собирање и транспорт на отпад); (2) Набавка на комунална опрема (контејнери и канти) за подобрување на јавната чистота и (3) Регулација на речното корито на Зелениковска Река.** Овие предлог проекти беа развиени според одлуката на учесниците на втората форумска сесија како најприоритетни предлози во избраната област „Животна средина“.

На третата форумска сесија граѓаните ќе имаат можност да даваат коментари, предлози и препораки за подобрување на предлог проектите, за кои ќе се гласа на 4-та форумска сесија. Право на одлучување за најприоритетниот/те проект/и ќе имаат сите граѓани кои оствариле учество на најмалку три од вкупно четири форумски сесии.

Форумот во заедницата, што го спроведува Општина Зелениково, претставува платформа за отворена дискусија со широко партиципативно учество на граѓаните при носењето одлуки од интерес за целата заедница. Целта е да се создаде дијалог меѓу локалните власти и заедницата за заедничко креирање на подобри и поприфатливи решенија за идните проекти.

Го очекуваме Вашето активно учество!

Прилог: Агенда за трета форумска сесија.

Со почит,
Коста Маневски
Градоначалник на Општина Зелениково

**Програмата „Зајакнување на општинските совети – фаза 2“ ја финансираат Швајцарската влада и Министерството за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со национални и локални партнери.**

www.opstinskisoveti.mk